ISCTBL 2022

INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Факултет за туризам и бизнис логистика

Goce Delchev University Shtip

Faculty of Tourism and Business Logistics

Петта Меѓународна Научна Конференција

Fifth International Scientific Conference

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ТУРИЗМОТ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО 21 ВЕК

# CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

CONFERENCE PROCEEDINGS

**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**

**Факултет за туризам и бизнис логистика**

**Goce Delcev University Shtip**

**Faculty of Tourism and Business Logistics**

**Петта Меѓународна Научна Конференција**

**Fifth International Scientific Conference**

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ТУРИЗМОТ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО 21 ВЕК

# CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## CONFERENCE PROCEEDINGS

30 април 2022 г. / April 30, 2022

**Издавач:**
Факултет за туризам и бизнис логистика
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Крсте Мисирков, 10-А, 201, 2000, Штип, РС Македонија
Тел: +389 32 550 350
www.ftbl.ugd.edu.mk
www.ugd.edu.mk

**За издавачот:** д-р Татјана Бошков, декан

**Организатор на конференцијата:** Факултет за туризам и бизнис логистика
**Уредник:** д-р Татјана Бошков, декан
**Тираж:** 146
**Година на издавање:** 2022

**Publisher:**
Faculty of Tourism and Business Logistics
Goce Delchev University of Shtip
"Krste Misirkov" no.10-A P.O. Box 201 Shtip 2000, North Macedonia
Tel: +389 32 550 350
www.ftbl.ugd.edu.mk
www.ugd.edu.mk

**For the Publisher:** Tatjana Boshkov, Ph.D. – Dean

**Conference Organizator:** Faculty of Tourism and Business Logistics
**Editor:** Tatjana Boshkov, Ph.D. – Dean
**Print circulation**: 146
**Year of publication:** 2022

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека Св. „Климент Охридски“, Скопје

338.48(062)
658.6/.8:164(062)

МЕЃУНАРОДНА Научна Конференција (5 ; 2022 ; [Штип])
Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век : зборник на трудови / Петта меѓународна научна конференција, 30 април 2022 г . ; [уредник Татјана Бошков] = Challenges of tourism and business logistics in the 21st century : conference proceedings / Fifth international scientific conference, April 30, 2022 ; [editor Tatjana Boshkov]. - Штип
: Универзитет "Гоце Делчев"- Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика = Shtip : University "Goce Delchev" -Shtip, Faculty of tourism and business logistics : Факултет за туризам и бизнис логистика = Faculty of Tourism and Business Logistics, 2022. - [274] стр. : илустр.
; см

Фусноти кон текстот. - Трудови на мак. и англ. јазик. - Библиографија кон одделни трудови. - Abstracts. - Резимеа

ISBN 978-608-244-891-6
а) Туризам -- Собири б) Синџир на снабдување -- Логистички системи -- Собири
COBISS.MK-ID 57409541

**Организациски комитет:**
Проф. д-р. Татјана Бошков, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Наташа Митева, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р Цветанка Ристова Магловска, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Душко Јошески, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Душица Попова, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија

**Меѓународен програмски комитет:**
Проф. д-р. Татјана Бошков, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Наташа Митева, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Цветанка Ристова Магловска, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Душко Јошески, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Душица Попова, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Мишко Џидров, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Машински факултет, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Никола В. Димитров, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Цане Котески, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Александра Жежова, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Зоран Темелков, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
д-р Билјана Цоневска Гуњовска, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Тања Ангелкова Петкова, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Оливер Филипоски, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Штип, Република Северна Македонија
Доц. д-р Христина Серафимовска, Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Северна Македонија
Проф. д-р Слаџана Стојановска, Факултет за Бизнис Економија, Скопје, Република Северна Македонија
Проф. д-р Димитар Ковачевски, Универзитет Американ Колеџ Скопје, Република Северна Македонија
Доц. д-р. Васко Шутаров, МИТ Универзитет, Факултет за безбедност, Република Северна Македонија
Проф. д-р. Глигор Бишев, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, Економски факултет Прилеп, Република Северна Македонија

Проф. д-р. Мадалина Теодора Андреи, Универзитет Хиперион, Факултет за општествени, хуманистички науки и природни науки, Оддел за географија, Романија
Проф. д-р. Соња Квирога, Универзитет Алкала, Оддел за економија, Шпанија
Проф. д-р. Алиса Флеишер, Хебрејскиот универзитет Јерусалим, Роберт Х. Смит, Факултет за земјоделие, Храна и Животна средина, Оддел за економија на животна средина и управување, Израел
Проф. д-р. Ноам Шовал, Хебрејски универзитет Ерусалим, Факултет за општествени науки, Оддел за географија, Израел
Проф. д-р. Нурија Елиса Морере Молинеро, УниверзитетРеј Хуан, Шпанија
Проф. д-р. Никола Хурвулиадес, Американ Колеџ Солун, Грција
Проф. д-р. Донила Пипа, Универзитет Марин Барлети, Економски факултет, Албанија
Проф. д-р. Мохамед Фуад, Ариш Универзитет, Факултет за уметност, Египет
Проф. д-р. Френсис Вериза, Универзитет Толиара, Факултет за оппштествени науки, Мадагаскар
Проф. д-р. Октавиан Сербан, Букурешки Универзитет за Економија, Факултет за храна од земјоделие и економија на животната средина, Романија
Проф. д-р. Сабина Георгечи, Асоцијација за промоција на туризмот, Дробета Турму-Северин, Романија
Проф. д-р. Серафима Роскова, Молдовска академија за науки, Академија за економски науки на Молдавија, Република Молдавија
Проф. д-р. Стела Дерменциева, Универзитет на Велико Трново Свети „Кирил и Методиј", Оддел за Географија, Бугарија
Проф. д-р. Марта Боровска Стефанска, Универзитет во Лоџ, Факултет за Географски науки, Институт за градежна средина и Просторна, Полска
Проф. д-р. Јулиана Поп, Универзитет за економски студии, Факултет за бизнис и туризам, Романиа
Проф. д-р. Елена Тома, Универзитет Хиперион, Факултет за општествени, хуманистички науки и природни науки, Оддел за географија, Романија
Проф. д-р. Ирина Лазар, Универзитет Хиперион, Факултет за општествени, хуманистички науки и природни науки, Оддел за географија, Романија
Проф. д-р. Озгур Јерли, Дужче Универзитет, Факултет за Шумарство, Оддел за пејсажи, Турција
Доц. д-р. Жарко Радјеновиќ, Универзитет во Ниш, Центар за иновации, Србија
Проф. д-р. Драго Цвијановиќ, Универзитет во Крагујевац, Факултет за Хотелски менаџмент и Туризам Врњачка Бања, Србија
Проф. д-р. Дарко Димитровски, Универзитет во Крагујевац, Факултет за Хотелски менаџмент и Туризам Врњачка Бања, Србија
Проф. д-р. Серџо Чипола, Универзитет во Палермо, Силиција, Италија
Доц. д-р. Марија Белиј Радан, Универзитет во Белград, Факултет за географија, Србија
Доц. д-р. Андреј Мичовиќ, Универзитет во Крагујевац, Факултет за Хотелски менаџмент и Туризам Врњачка Бања, Србија
Проф. д-р. Светлана Станкова, Универзитет во Шумен „Св. Константин Преславки", Факултет за природни науки, Оддел за географија, регионален развој и туризмот, Шумен, Бугарија

**Organizational committee:**

Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Assist. Prof. Natasa Miteva, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Assist. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Assist. Prof. Dusko Joseski, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Assist. Prof. Dusica Popova, Ph.D., Dusica Popova, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

**International program committee:**

Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Assist. Prof. Natasa Miteva, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Assist. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Assist. Prof. Dusko Joseski, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Assist. Prof. Dusica Popova, Ph.D., Dusica Popova, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Misko Djidrov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Mechanical Engineering, Stip, North Macedonia

Prof. Nikola V. Dimitrov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Cane Koteski, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Aleksandra Zezova, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Zoran Temelkov, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Biljana Conevska Gunjovska, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Tanja Angelkova Petkova, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Assist. Prof. Oliver Filiposki, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Assist. Prof. Hristina Serafimovska, Ph.D., Goce Delcev University of Stip, Faculty of Tourism and Business logistics, Stip, North Macedonia

Prof. Slagjana Stojanovska, Integrated Business Faculty, Skopje, North Macedonia

Prof. Dimitar Kovacevski, Ph.D., School of Business Economics and Management, University American College Skopje, North Macedonia

Assist. Prof. Vasko Sutarov, Ph.D., MIT University, Faculty of Security Sciences, North Macedonia

Prof. Gligor Bishev, Ph.D., St. Clement of Ohrid University of Bitola, Faculty of Economics, Prilep, North Macedonia
Prof. Madalina Teodora Andrei, Ph.D., Hyperion University, Faculty of Social, Humanities and Natural Sciences, Department of Geography, Romania
Prof. Sonia Quiroga, Ph.D., University of Alcalá, Depatment of Economics, Spain
Prof. Aliza Fleischer, Ph.D., The Hebrew University of Jerusalem, The Robert H. Smith Faculty of Agriculture, Food and Environment, Department of Environmental Economics and Management, Israel
Prof. Noam Shoval, Ph.D., The Hebrew University of Jerusalem, Faculty of Social Sciences, The Department of Geography, Israel
Prof. Nuria Elisa Morère Molinero, Ph.D., Universidad Rey Juan Carlos, Catedrática Historia Antigua, Spain
Prof. Nikolas Hourvouliades, Ph.D., American College of Thessaloniki, Greece
Prof. Donila Pipa, Ph.D., Marin Barleti University, Faculty of Economy, Albania
Prof. Mohamed Fouad, Ph.D., Arish University, Faculty of Arts, Egypt
Prof. Francis Veriza, Ph.D., University of Toliara, Faculty of Lettets and Human Sciences, Madagascar
Prof. Octavian Serban, Ph.D., Bucharest University of Economic Studies, Faculty of Agrifood and Environmental Economics, Romania
Prof. Sabina Gheorgheci, Ph.D., Mehedinți Tourism Promotion Association, Drobeta Turnu-Severin, Romania
Prof. Serafima Roșcovan, Ph.D., Moldova Academy of Science, Academy of Economic Studies of Moldova, Republic of Moldova
Prof. Stella Dermendzhieva, Ph.D., University of Veliko Turnovo St Cyril and St. Methodius, Department of Geography, Bulgaria
Prof. Marta Borowska-Stefanska, Ph.D., University of Lodz Faculty of Geographical Sciences, Institute of the Built Environment and Spatial Policy, Poland
Prof. Iuliana Pop, Ph.D., University of Economic Studies, Faculty of Business and Tourism, Romania
Prof. Elena Toma, Ph.D., Hyperion University, Faculty of Social, Humanities and Natural Sciences, Department of Geography, Romania
Prof. Irina Lazăr, Ph.D., Hyperion University, Faculty of Social, Humanities and Natural Sciences, Department of Geography, Romania
Prof. Ozgur Yerli, Ph.D., Duzce University, Faculty of Forestry, Department of Landscape, Architecture, Turkey
Assist. Prof. Zarko Radjenovic, Ph.D., University of Nis, Innovation Center, Serbia
Prof. Drago Cvijanović, Ph.D., University of Kragujevac, Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjacka Banja, Serbia
Prof. Darko Dimitrovski, Ph.D., University of Kragujevac, Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjacka Banja, Serbia
Prof. Sergio Cipolla, Ph.D., University of Palermo, Italia
Assist. Prof. Marija Belij, Ph.D., University of Belgrade, Faculty of Geography, Serbia
Assist. Prof. Andrej Mićović, Ph.D., University of Kragujevac, Faculty of Hotel Management and Tourism in Vrnjacka Banja, Serbia
Prof. Svetlana Stankova, University of Shumen "Konstantin Preslavski", Faculty of natural science, Department of geography, regional development and tourism, Bulgaria

**PANEL SESSION**

**Challenges and implications of COVID-19: reducing disparities and addressing distributional impacts in different sectors**

Session chair: Tatjana Boshkov, Assoc.professor and Dean at Faculty of tourism and business logistics, ,,Goce Delcev University – Stip, N. Macedonia

Panelists

1. Prof. Dr. Tamara Klicek, Ph.D., International Programme on Urban Governance IPUG, National Taipei University, Taiwan
2. Prof. Dr. Madalina-Teodora Andrei, Ph.D., “Spiru Haret” University, Faculty of Geography, Bucharest, Romania
3. Prof. Dr. Mirela-Elena Mazilu, Ph.D. Department of Geography
4. Director of Research Center in Innovative and Regional Tourism, University of Craiova, Romania
5. Dr. Nikolina Vrcelj, Ph.D., Executive Director, Association of Economists and Managers of the Balkans, headquartered in Belgrade, Serbia
6. Prof. Dr. Kemal Cebeci, Marmara University, Faculty of Economics, Department of Public Finance, Director of MIRDEC, Istanbul, Turkey
7. Prof. Dr. Rabi Narayan Kar, Ph.D., FCS, Professor-Principal SLC, University of Delhi, Delhi, India
8. Prof. Dr. Paulo Reis Mourao, Ph.D., Department of Economics & NIPE, Economics & Management School, University of Minho, Braga – Portugal
9. Prof. Dr. Mazhar Abbas Ph.D. , Department of Management & MIS, College of Business Administration, University of Hail, Kingdom of Saudi Arabia
10. Prof. Dr. Kanita Imamović-Čizmić, Ph.D., Department of Legal and Economic Sciences, University of Sarajevo-Faculty of Law, BiH
11. Prof. Dr. Slagjana Stojanovska, Ph.D., Integrated Business Faculty, Skopje, Republic of N. Macedonia
12. Prof. Dr. Slavi Dimitrov Ph.D., Department of Tourism, Deputy Dean of the Faculty of Economics, "St. Cyril and Methodius" University of Veliko Tarnovo, Bulgaria
13. Dr. Žarko Rađenović, Research Associate, University of NišInnovation Center, Serbia
14. Prof. Dr. Boban Melovic, Ph.D., Vice-Dean for international cooperation, Faculty of Economics Podgorica, University of Montenegro

**Moderators**

**First session: Business logistics and business administration**
Natasha Miteva, PhD, Vice-Dean for Education, Faculty of Tourism and Business Logistics, Goce Delcev University – Stip, N. Macedonia

**Second session: Tourism, hospitality and gastronomy**
Natasha Miteva, PhD, Vice-Dean for Education, Faculty of Tourism and Business Logistics, Goce Delcev University – Stip, N. Macedonia

# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
# GOCE DELCEV UNIVERSITY OF STIP

## ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА
## FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

ПЕТТА МЕЃУНАРОДНА
НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

FITH INTERNATIONAL
SCIENTIFIC CONFERENCE

## ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ТУРИЗМОТ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО 21 ВЕК

## CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
# CONFERENCE PROCEEDINGS

30 април, 2022, Штип / Shtip,April $30^{th}$, 2022

UDK 332.122:338.48(497.7)"2024/2040"
DOI https://www.doi.org/10.46763/YFNTS2251144d

# ПРЕДЛОГ ТУРИСТИЧКА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА НА Р.С. МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров**[1]

[1]*Проф. д-р., Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип,* nikola.dimitrov@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Регионализацијата означува тенденција на формирање на региони со давање овластувања на централната власт во рацете на локалната власт. Во статијата се презентира туристичката регионализација на просторот на РС Македонија. Се користи метод на научна споредба. Во текстот се поместени неколку туристички регионализации а се предлага и нова. Првата туристичка регионализација е изработена во 1968 година со седум региони, втората во 1971 година со шест региони, третата во 1985 година со три региони и четврта во 2002 со десет региони. Во последните две децении туризмот во РС Македонија забележува континуиран раст во сите делови на државата. Поаѓајќи од ова, предлагаме нова регионализација со осум региони. Целта на трудот е преку компаративна анализа да се презентираат сите досегашни туристички регионализации и да се промовира нов предлог на туристичка регионализација. Новиот предлог, треба да биде добра основа при изработка на туристичката регионализација во новиот Просторен план на РС Македонија.

***Клучни зборови:*** *Туризам, региони, подрачја, зони, локалитети*

## Вовед

Во суштина регионализацијата е добра идеја без разлика на територијата на државата. Главен услов за туристичка регионализација е разновидноста на туристичките вредности и содржината во туристичката понуда. Во суштина за регионализација на туризмот неопходно е да се преземат и конкретни активности, како што се:

- просторно дефинирање на регионите кои ги поседуваат основните туристички атрактивности (привлечности);
- истражување на квалитативните и квантитативните фактори на атрактивноста, со цел да се утврдат видовите туризам за секоја просторна единица, но и можностите за развој и на други активности врз база на природните и антропогените мотиви, геотуристичката положба и геосообраќајната поврзаност на секој туристички регион;
- утврдување на количеството на вода за пиење (просторот и водата се главните ограничувачки фактори во туристичкиот развој), положбата во однос на емитивните центри, туристичките текови и сообраќајната поврзаност на истите;
- дефинирање на содржината на стопанските центри во регионот, нивната производна содржина и поврзаност, од аспект на заедничкиот интерес за големите инфраструктурни системи во регионот.

Во просторно-планската активност на туризмот во регионалниот развој е неопходно: да се утврдат целите на туристичката регионализација; да се дефинираат критериумите за разграничување; да се дефинира содржината на регионалниот регион на секој туристички

регион; да се определат различните видови туристички просторни единици, и да се дефинира улогата на туризмот во развојот на неразвиените подрачја.

Регионите кои располагаат со можности за развој на туризмот треба да бидат третирани не само од аспект на конкретните туристички активности, туку и од аспект на влијанието на туризмот врз другите дејности и врз трансформацијата на просторот. (Вељковиќ, Д. и Будиноски, М.,1998; Зиков, М. 2005; Будиноски, М.,2006; Димитров, В.Н.,2013).

Целите на туристичката регионализација се систематизирани на следниов начин:

- се дефинираат односите и меѓузависностите на помалите просторни единици (локалитети) со пошироките подрачја (региони) и со поширокото опкружување (државата);
- се утврдуваат квалитативните фактори за развој на туризмот во дадениот простор;
- во зависност од квалитативните и други фактори за развој, се дефинираат видовите туризам што треба да се развиваат во определена просторна целина и да се постигне оптимум во валоризацијата на условите за развој;
- се одмерува во какви колизии може да дојде туризмот со други дејности во определениот простор, како и да се избалансира не само нивното меѓувлијание, туку и нивниот приоритет, разместувањето и развојот;
- се утврдуваат насоките за развојот на сообраќајот и мрежата на сообраќајниците и тоа не само на комуникациите непосредно значајни за туризмот;
- со регионализацијата се фиксираат просторите со приоритет за туристичка изградба и во врска со тоа да се изградат принципите за нивно опремување и градба;
- се изработуваат предлог мерки за заштита на пејзажните вредности, реткости и слично, бидејќи развојот на туризмот е условен од истите;
- во туристичките простори се води грижа за урбанистичко-архитектонското обликување на просторот, односно вклопување на објектите во изворниот амбиент;
- изградбата на директни и индиректни туристички објекти во туристичките региони да се врши во согласност со принципот на комплексноста на понудата; принципот на усогласеност на понудата со побарувачката и принципот на минимални вложувања со што поголеми економски ефекти, посебно девизни.

Во зависност од целите и потребите на регионализацијата се одредуваат критериумите како објективни мерила со помош на кои се извршува одредена валоризација и класификација на важните елементи.

Најзначајни критериуми кои ја изразуваат комплексноста на туристичката регионализација се: зачувување на природна и економска целост; усогласеност со другите дејности; степенот на интегрираност; близина на пазарот; разместеност на објектите; капацитет на просторот за одделни видови туризам и др.

Туристичката валоризација е објективен патоказ за соодветна туристичка регионализација, односно туристичка изградба и организациона поставеност на туризмот, како и за проценка на туристичките можности на секоја просторна единица.

Целта на туристичката регионализацијата е изнаоѓање начин за оптимално искористување на природните вредности со нивно вклучување во туристичката експлоатација.

Во туристичката регионализација тргнуваме од утврдувањето на вредноста на најмалата просторна целина, додека групирањето на помалите просторни единици создава просторни целини од повисок ранг. Така, како најмала просторна единица во нашата држава е прифатена следната поделба на просторните единици: туристички локалитет, туристичка зона, туристичко подрачје и туристички регион.

Туристички локалитет е најмала просторна единка. Тој е простор кој се одликува со некои одредени атрактивни карактеристики и треба да содржи најмалку еден атрактивен елемент (природен, рекреативен, естетски, антропоген, историски и сл.) неопходен за развој на туризмот. Локалитетот претставува хомогена туристичка единица и се карактеризира со сопствена туристичка индивидуалност. Специфична е туристичката понуда, додека просторниот зафат на оваа просторна единица е најмал. Меѓутоа, неговиот развој е условен од развојот на поголемите просторни единици (зона, подрачје, регион) и се карактеризира со висок степен на зависност.

Туристичка зона, претставува функционален збир од повеќе меѓусебе функционални и територијално поврзани локалитети, од кои секој има сопствени карактеристики. По правило туристичката зона е релативно мала просторна целина и нема услови за комплексен туристички развој. Во споредба со туристичкиот локалитет, туристичката зона се карактеризира со помала стопанска хомогеност. Но токму хомогеноста на туристичките услуги, што доаѓа до израз благодарение на специфичностите на туристичките локалитети што ја сочинуваат, овозможува туристичка зона да има релативна самостојност.

Туристичко подрачје е составен од повеќе туристички зони и претставува поврзана природна целина каде е понагласена разновидност на содржинските елементи и има уште помала хомогеност. Туристичкото подрачје има релативно поголем просторен зафат спрема туристичката зона.

Туристички регион е составен од повеќе туристички подрачја и претставува заокружена природна и економска целина, во која е овозможен усогласен и релативно самостоен растеж и развиток, со усогласени односи помеѓу конститутивните делови. Туристичкиот регион е во состојба да формира комплексна понуда и самостојно да настапува на туристичкиот пазар.

Туристичките региони по правило, се хетерогени, односно покрај туризмот паралелно се развиваат и други активности, и тоа како оние кои се во функција на туристичкиот развој, така и другите активности (земјоделие, производно занаетчиство, сообраќај, трговија и сл.).

Туристичко - географскиот регион е просторна целина во која туристичките вредности овозможуваат самостојно формирање на комплексна туристичка понуда, самостоен настап на туристичкиот пазар и самостоен туристички развој, а физиономијата на тој простор е последица на туристичкиот развој (Стојмилов, А., 1979; Мариноски Н., 2008; Димитров, В. Н. 2013).

Во теоријата не е определено колку локалитети да сочинуваат зона, колку зони да има туристичкото подрачје и колку туристички подрачја да има во туристичкиот регион, што е и сосема нормално.

## Анализа на претходните туристички регионализации

Во нашата држава, мал број научни работници се занимаваат со проблемот на туристичката регионализација. Како најистакнати универзитетски професори кои се занимавале со овој проблем се Митко Панов, Александар Стојмилов, Душан Јеремиќ, Михајлов Зиков, Никола Панов и Науме Мариноски. (Панов, М. 1968 и 1972; Јеремиќ, Д. 1971 и 1985; Стојмилов, А. 1979; Будиноски, М. 2006;  Мариноски, Н. 2008; Панов, Н. 2008; Зиков, М. 2008 г.)

При регионализацијата професорот Митко Панов за определување на туристичките регионални целини во нашата држава користи два научни критериуми и приоди и тоа: примарни и секундарни критериуми. Како примарни критериуми ги зема: погодноста на географската положба; квалитетот и типот на туристичките мотиви; квантитетот; местата; објектите; и подрачјата. Како секундарни критериуми земени се: сместувачките капацитети; и показателите на туристичкиот промет. Врз основа на ова, Панов, издвојува 7 региони и 14 подрачја. (Панов, М. 1968) (Види, Табела 1.)

Табела 1. Прва туристичка регионализација на СР Македонија (СРМ)[1]

| **РЕГИОН** | **ПОДРАЧЈЕ** |
|---|---|
| I. Скопско - кумановски | 1. Скопско;<br>2. Кумановско |
| II. Полошко - радички | 1. Полошко;<br>2. Мавровско – радичко |
| III. Охридско – преспански | 1. Охридско - струшко;<br>2. Преспанско |
| IV. Пелагониски | 1. Битолско - мариовско;<br>2. Прилепско – крушевско |
| V. Средновардарски | 1. Велешко - демиркаписко;<br>2. Гевгелиско– дојранско |
| VI. Среднобрегалничко - струмички | 1. Штипско - кочанско;<br>2. Струмичко – радовишки |
| VII. Осоговско - малешевски | 1. Кривопаланечко - кратовски;<br>2. Горнобрегалничко |

Извор: Панов, М., (1968): Туристички вредности на поедини подрачја во СР Македонија, Годишен зборник, книга 16, ПМФ- Географски институт, Скопје, стр. 217-273.; Панов, М., (1972): Туристичка географија со основи на туризмот, Факултет за туризам и угостителство, Охрид, стр. 165.

Втора туристичка валоризација е направена врз предлог на професорот Душан Јеремиќ, и истата е направена врз основа на: природните; и антропогените фактори. При определувањето на регионалните целини на просторот од нашата држава ги користел следните критериуми: критериум природна и општествено – економска целина; критериум на можности за усогласен растеж на регионот; интеграционен критериум; критериум на допир со пазарот; и критериум на оптимална туристичка валоризација. Така, Според, Јеремиќ, територијата на СР Македонија ја поделува на 6 туристички региони:

- Скопски;
- Западно -туристичка магистрала (од Вратница до Дебар);
- Охридско - преспански (езерски);
- Дојран - Гевгелија (заедно со граничниот премин);
- Крива Паланка - Кратово;
- Магистрала „Братство - единство“.

Оваа поделба е извршена на база на природно - географските и општествено - атрактивните фактори во одредени просторни единици, нивната хомогеност, досегашниот степен на развојот и сообраќајната поврзаност. Во оваа туристичка регионализација не се опфатени туристички подрачја, зони и локалитети. (Јеремиќ, Д. 1971). За да подоцна во

[1] Додавки на името Македонија во последните осум децении (1944-2019): Демократска Федерална Република Македонија, ДФРМ (1944-1946); Народна Република Македонија, НРМ (1946-1963); Социјалистичка Република Македонија, СРМ (1963-1991); Република Македонија, РМ (1991-2019), призната од 133 држави во светот; примена во ОН со привремена референца Поранешна Југословенска Република Македонија, ПЈРМ (1993-2019); последна додавка Република Северна Македонија, РСМ (2019-).

1985 година, туристичката регионализација значително ја изменува и дополнува. (Јеремиќ, Д. 1985).

Следните дополнувања на туристичката регионализација се направени од страна на професорот Александар Стојмилов. Неговата, туристичката регионализација се темели врз повеќе критериумите, од кои најважни се: природната целост; усогласен раст на туристичката просторна единка со другите просторни целини; оптимална туристичка валоризација; интегралност (ако помалите просторни единици функционално се поврзат оформуваат поголема просторна единица и создаваат подобри услови за развој на туризмот) и допир со туристичките текови. Од групата на критериумски елементи опфатени се:

- туристичко –географската положба;
- сообраќајната поврзаност и гравитационите можности;
- природните туристички атрактивности (климата, релјефот, хидрографијата и биографијата) и нивните можности за развој на туризмот;
- културно историското наследство и неговото значење за туризмот; и
- материјалната база за развој на туризмот (објекти, инфраструктура, служби и др.). (Стојмилов, А. 1993)

Периодот од 1985 до 2012 во туристичката литература се користи трета туристичка регионализација на Р. Македонија каде се издвојуваат: 3 туристички региони; 14 туристички подрачја; 57 зони; и 172 туристички локалитети. Оваа регионализација е прифатена и имплементирана во повеќе учебници и научни трудови, од повеќе автори (Јеремиќ, Д.; Стојмилов, А.; Мариноски, Н.; Панов, Н.; Будиноски, М.; Зиков, М. и други).

Од анализата на третата туристичка регионализација, најголеми туристички региони се: Западен регион *(со 6 подрачја, 22 зони и 87 локалитети);* Средишен регион *(со 4 подрачја, 18 зони и 40 локалитети);* и Источен регион *(со 4 подрачја, 17 зони и 45 локалитети).* (Види Табела 2).

Табела 2. Трета туристичка регионализација на Р. Македонија

| **Број на туристички** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **РЕГИОН** | **ПОДРАЧЈЕ** | **Зона** | **Локалитет** | | |
| | | | **Вкупно** | **Од тоа*** | |
| | | | | **природни** | **антропогени** |
| **I** Западен | 1.Полошко-кичевско | 6 | 24 | *14* | *10* |
